Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за прифаќање на Одлуката за основање на Фондација „Регионална развојна агенција на Пелагонија"

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на Одлуката за основање на Фондација „Регионална развојна агенција на Пелагонија", донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 09.03.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-616/1
13.03.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 35 од Законот за здруженија на граѓани и фондации („Сл. Весник на РМ” бр. 31/98), член 14 и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ” бр. 05/02), а во согласност со Меморандумот за соработка помеѓу девет општини од статистичкиот дел на Пелагонија потпишан на ден 22.06.2006 г. и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 09.03.2007 година, донесе

# О Д Л У К А
## за прифаќање на Одлуката за основање на Фондација „Регионална развојна агенција на Пелагонија”

Член 1

Со оваа Одлука Општината Битола ја прифаќа Одлуката за основање на Фондација „Регионална развојна агенција на Пелагонија” со седиште во Прилеп.

Со основањето на Фондацијата ќе се овозможи економски развој и социјален просперитет на регионот на Пелагонија и негово меѓународно позицирање како конкурентен регион на Балканот.

Член 2

Општината Битола како еден од основачите на Фондацијата должна е да уплати по 1,3о ден. по жител или вкупно 124.000 ден., што ќе претставува паричен придонес за основање на Фондацијата.

Член 3

Се овластува Градоначалникот на Општината Битола Владимир Талески да ги преземе сите активности и да ги потпише актите кои што се потребни за основање на Фондацијата.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-472/3
09.03.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Програмата за одржување на комунални објекти
и инсталации, локална патна мрежа и улиците
во Општината Битола за 2007 година

1. Ја објавувам Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локална патна мрежа и улиците во Општината Битола за 2007 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 09.03.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-616/2
13.03.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола ("Службен гласник на Општина Битола" бр. 10/05), а во врска со член 43 став 6 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" БР.53/01), Советот на Општина Битола, на својата седница, одржана на ден 09.03.2007 год. донесе

# П Р О Г Р А М А

## за одржување на комунални објекти и инсталации, локална патна мрежа и улици во Општина Битола за 2007 год.

Со програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Програмата претставува континуитет на работите од претходните програми и обврски што треба да бидат изавршени во 2007 година.

Сите улици кои биле во приоритетната листа во Програмата за 2006 година започнати со градба, а не се завршени во тековната година се составен дел на оваа програма.

**ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Програмата за одржување на комунални објекти**
**и инсталации во Општината Битола**

**за 2007 год.**

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 71 | Планирани средства од Буџетот на општината<br>Даночни приходи | 14,400,000.00 |
| 2 | (717) 112;115;116; 122;129;131; 132;134;136; 138 | Надоместоци од комунална дејност | 30,000,000.00 |
| 3 | | Трансфери од буџетот на Републички фонд<br>за магистрални и регионални патишта | 15,244,600.00 |
| | | **ВКУПНО:** | **59,644,600.00** |

## ПРЕГЛЕД НА РАСПРЕДЕЛБА НА средствата од Буџетот на Фондот за регионални и магистрални патишта на РМ за 2007 година

| Ред. бр. | Расходи | | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | Одржување на улици во зимски период | 30% | 4,573,380.00 |
| 2 | Одржување и реконструкција на улици (вклучено е и крпење на ударни дупки) | 30% | 4,573,380.00 |
| 3 | Изградба на нови улици и патишта (исклучиво горен строј) | 40% | 6,097,840.00 |
| | | **ВКУПНО:** | **15,244,600.00** |

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

### На програмата за одржување на комунални објекти и инсталации во Општината Битола за 2007 година

| Ред. Бр. | шифра | Планирани работи за изведување | Износ |
|---|---|---|---|
| **1** | **482130** | **Реконструкција на улици, инфраструктура** | **27,000,000.00** |
| | **(ЈД)482130** | **Изградба и реконструкција на улици, инфраструктура (трансфер од Републички фондови)** | **15,244,600.00** |
| **1** | | **ВКУПНО:** | **42,244,600.00** |
| | | Изградба на горен строј (дробеник и асфалт) **(со се дел од шеталиште)** | 29,044,600.00 |
| | | Одржување на улици во зимски услови | 7,700,000.00 |
| | | Одржување на регулиран ток на река Драгор (Кејски зидови и корито) | 2,000,000.00 |
| | | Крпење на ударни дупки | 3,000,000.00 |
| | | Трошоци за реализација на програмата | 500,000.00 |
| | | **ВКУПНО** | **42,244,600.00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2** | **(Ј6)482130** | **Регулирање на режим на сообраЌај** | **3,000,000.00** |
| | | Обновување на хоризонталната сигнализација (зебра+ подолжна линија) | 1,500,000.00 |
| | | Обновување на вертикалната сигнализација (знаци, патоказни табли) | 500,000.00 |
| | | Одржување и доoформување на постоечка светлосна сигнал(семафори-сијалици, столбови) | 1,000,000.00 |
| | | **ВКУПНО:** | **3,000,000.00** |
| **3** | 482930 | **Реконструкција на други Објекти** | **1,000,000.00** |
| **4** | 482830 | **Реконструкција на капацитети во енергетиката-електрика** | **800,000.00** |
| **5** | 482230 | **Реконструкција на мостови** | **600,000.00** |
| **6** | 482730 | **Реконструкција на капацитети во Водоснабдувањето** | **8,000,000.00** |
| **7** | 482330 | **Реконструкција на колекторски системи** | **4,000,000.00** |
| | | | **59,644,600.00** |
| | | **средства од Буџетот на предвидени даноци:** | **14,400,000.00** |

Средствата во висина од 15.244.600,00 денари кои се определени од Републичкиот фонд за магистрални и регионални патишта на РМ се распределуваат на начин како што претходно потенциравме.

Средствата од точка 3 вложени на објекти кои се дефинирани со листа на објекти која е како ПРОЛОГ 1 и ПРИЛОГ 2 се составен дел на оваа програма.

Расходите и пласманите за одржување и изградба на улици, канализација-колекторскиот систем и капацитетите во водоснабдувањето ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата и утврдената листа на приоритетните објекти.

Листите за приоритетни објекти ја утврдува Советот на Општината и е составен дел на оваа Програма (ПРИЛОГ 1 и ПРИЛОГ 2).

Динамиката на реализацијата, со утврдување на приоритет за реализација ја утврдува Градоначалникот преку Комисијата за јавни и комунални дејности, а ја реализира Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

## 1. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни и комунални дејности и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола. Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште врши надзор во координација со Комисијата за јавни и комунални дејности согласно чл.22 точка 12 од Законот за локална самоуправа (Сл. весника на РМ бр 5/02) и Законот за градење (Сл. Весник на РМ бр.51/05).
- За руралните средини кои влегуваат во состав на Општина Битола (со процесот на децентрализацојата) е изготвен преглед на позиции кои се опфатени со оваа Програма и се дадени во ПРИЛОГ 2.
- Оваа Програма влегува во сила 8 (осмиот ден) од денот на објавувањето во Службен гласник на Општината Битола, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2008 г.

Бр.07-472/4<br>
09.03.2007 г.<br>
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>
на Советот на Општината Битола<br>
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Програмата за користење и одржување на уличното осветлување во Општината Битола за 2007 година

1. Ја објавувам Програмата за користење и одржување на уличното осветлување во Општината Битола за 2007 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 09.03.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-616/3<br>13.03.2007 год.<br>Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општината Битола,<br>Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола (“Службен гласник на Општина Битола” бр. 10/05), а во врска со член 17 став 2 од Законот за комунални такси-пречистен текст (“Службен весник на РМ” БР.17/97), Советот на Општина Битола, на својата седница, одржана на ден 09.03.2007 год. донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА КОРИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

## на подрачјето на Општина Битола за 2007 год.

1. Со Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2007 година се врши распределба на средствата што на Општина Битола и припаѓаат согласно Законот за комунални такси за користење и одржување на јавното осветлување во сервисните и станбените улици.
2. Средствата од точка 1 на оваа Програма ќе се користат за тековна потрошувачка на електрична енергија и за одржување на инсталациите за осветлување на сервисните и станбените улици на подрачјето на Оштината и тоа:

### ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
### на програмата за користење и одржување на јавното осветлување на Општина Битола за 2007 година

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 71 | Планирани средства од Буџетот на општината-Даночни приходи | 2,000,000.00 |
| 2 | 717116 | Надоместоци од комунална дејност за улично осветлување | 23,000,000.00 |
| | | **ВКУПНО** | **25,000,000.00** |

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**На програмата за користење и одржување на електричните инсталации во Општина Битола за 2007 година**

| Ред. Бр. | шифра | Планирани работи за изведување | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 421110 | Електрична енергија | 23,000,000.00 |
| 2 | 423990 | Други материјали за поправки | 2,000,000.00 |
| | | **ВКУПНО** | **25,000,000.00** |

3. Средствата планирани за трошоци за потрошената електрична енергија ќе ги реализаира ЕВН ,,Електро-Битола,, Битола, по утврдени микро реони за вклучување и исклучување на уличното осветлување.
4. Средства планирани за трошоци за редовно одржување на инсталациите ќе ги реализира регистрирани организации избрани по пат на јавен повик.
5. Надзор во редовното одржување на инсталациите и проверка на доставените извештаи и фактури за наплата на извршените работи ќе врши Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.
6. За спроведување на оваа Програма по однос на динамиката и наменското користење на средствата ќе се грижи Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола и Комисијата за јавни и комунални дејности.
7. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-472/5
09.03.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето

1. Го објавувам Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 09.03.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-616/4<br>13.03.2007 год.<br>Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општината Битола,<br>Владимир Талески

Врз основа на чл.22 точка 26 од Статутот на Општина Битола (“Службен гласник на Општина Битола,, бр.10/05), а во врска со чл.52 став 3 точка 4 од Законот за градење ( ,,Службен весник на РМ бр.53/01), Правилникот за степенот на уреденост на грдежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (,,Службен весник на РМ,, бр.80/01) и Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето ( ,,Службен гласник,, на Општина Битола бр.2/02) Советот на Општина Битола, на својата седница, одржана на ден 09.03.2007 год. донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за измена и дополнување на Правилникот
### за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето

Во Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето ( ,,Службен гласник,, на Општина Битола бр.2/02) се вршат следни измени и дополнувања:

1. Во чл.6 став 1, потставка 1, зборот ,,основни,, се менува со ,,генерални,, и се додаваат зборовите и ,,планови за вон населени места,,.

2. Во чл.7 став 1, потставката 5 ,, електрична високонапонска мрежа и трафостаници над 10 књ,, се брише.

3. Во чл.15 став 1

   во табела 1 СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ се додава нов ред:

| | |
|---|---|
| - станбени простории во поткровје со висина до 2,50 м со надзидок поголем од 1,5 м | 0,50 |

во табела 2 ДЕЛОВНИ И ЈАВНИ ПРОИЗВОДНИ ОБЈЕКТИ се додаваат следните нови реда:

| | |
|---|---|
| - простории во поткровје со висина до 2,50 м | 0,5 |
| - отворени простори на кои се одвива деловна дејност | 0,2 |
| - паркинзи | 0,1 |
| - трафостаници | 1,0 |

и се додава нов став:
„ Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициент 0,1 се применува само за последното ниво сметано оддолу нагоре„.

4. Се додава нов чл.18 кој гласи:

За пренамена на објектите (станбени и помошни) во деловни се наплатува еднократен надомест за уредување на градежното земјиште во висина што преставува разлика од претходно наплатениот надомест до полниот износ што треба да се плати за нанмената што ќе ја добие објектот или дел од објектот, а средствата се неповратни.

Надоместокот за пренамена од деловен во станбен простор не се наплатува.

4. Се брише чл.25

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

Бр.07-472/6
09.03.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Програмата за уредување на градежното земјиште
на подрачјето на Општината Битола за 2007 година

1. Ја објавувам Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола за 2007 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 09.03.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-616/5<br>
13.03.2007 год.<br>
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
на Општината Битола,<br>
Владимир Талески

Врз основа на член 22 точка 9 од Статутот на Општина Битола (“Службен гласник на Општина Битола” бр. 10/05), а во врска со член 43 став 6 од Законот за градежно земјиште (“Службен весник на РМ” БР.53/01), Советот на Општина Битола, на својата седница, одржана на ден 09.03.2007 год. донесе

# П Р О Г Р А М А

## За уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2007 год.

Оваа Програма преставува континуитет на презeмените активности за уредување на градежното земјиште од претходните години, а во согласносност со донесениот Генерален план и детални урбанистички планови за Општина Битола.

Со Програмата особено се утврдуваат:

- Подрачјата на кои ќе се врши уредување на градежното земјиште;
- Обемот на уредувањето и степенот на опремување на земјиштето со комунални објекти и инсталации;
- Извори на финансирање на уредувањето;
- Пресметка на висината на надоместокот за уредување на земјиштето;
- Начин на здружување и насочување на средствата за уредување;
- Динамика и мерки за извршување на Програмата.

И покрај тоа што се дефинирани обврските за уредување на градежното земјиште со оваа Програма, истата е отворена за измени и дополнувања и во неа можат да бидат вградени и евентуални други задачи доколку има потреба и се создаваат услови за нивна ургентна реализација во текот на 2007 год.

## ПОДРАЧЈА НА КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ УРЕДУВАЊЕТО

Во 2007 год. уредувањето на градежното земјиште ќе се врши според оваа Програма, а ќе бидат опфатени повеќе локации во градот и тоа:

- локалитети на кои треба да се отпочне со градба оваа година;
- локалитети на кои ќе се регулираат обврските од претходните години;
- локалитети на кои ќе се вршат припремни работи за објектите кои ќе се градат во 2007 год. и наредните години.

Поблиските податоци за подрачјата на кои ќе се врши уредувањето на градежното земјиште се дадени во поглавјето *“Обем на уредувањето и степен на опремувањето на земјиштето со комунални објекти и инсталации.”*

**ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Програмата за уредување на градежното земјиште на Општината Битола**

# за 2007 год.

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 717137 | Надоместок за уредување на градежното земјиште | **38,000,000.00** |
| 2 | 71 | Планирани средства од буџетот на Општината | **20,300,000.00** |
| | | **ВКУПНО** | **58,300,000.00** |

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на Програмата за уредување на градежното земјиште на О.Битола**

| Ред. Бр. | шифра | Планирани работи за изведување | Износ |
|---|---|---|---|
| **1** | **482120** | **Изградба на улици** | **28,300,000.00** |
| | | Изградба горен строј на улици ( дробеник и асфалт) | 25,800,000.00 |
| | | Изградба на вертикална и хоризонтална сигнализација | 1,000,000.00 |
| | | Изградба на светлосна сигнализација (семафори и патокази) | 1,000,000.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Трошоци за реализација на програмата | 500,000.00 |
| **1** | | **ВКУПНО** | **28,300,000.00** |
| **2** | **424430** | **Електрична мрежа** | **5,000,000.00** |
| **3** | **482720** | **Изградба на капацитети на водоснабдување** | **5,000,000.00** |
| **4** | **482220** | **Изградба на мостови** | **900,000.00** |
| **5** | **485420** | **Трошоци за одземено земјиште** | **2,600,000.00** |
| **6** | **482320** | **Изградба на пречистелни станици и колектори** | **9,000,000.00** |
| **7** | **482**(110, 310,810 910) | **Изработка на проектна документација** | **1,500,000.00** |
| **8** | **482820** | **Изградба на капацитети за енергетиката** | **4,000,000.00** |
| **9** | **482920** | **Изградба на други објекти** | **2,000,000.00** |
| | | **ВКУПНО** | **58,300,000.00** |



## ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА УРЕДУВАЊЕТО

Извори за финансирање на уредувањето на градежното земјиште се утврдени согласно Правилникот за определување на обемот на уредувањето и степенот на опремувањето на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместок и начин на здружување и насочување на средствата за уредување на градежното земјиште.

## А. ОД НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

### А1. КОЛЕКТИВНА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА

❖ **СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА БЛР1 (над каналот)**

- **изградба на две станбени згради со катност П+2 и П+3 со три ламели и деловен простор во приземје**

- **СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА БР.4**

- **изградба на трговско- деловен објект**
- **изградба на црква со катност П на аголот од ул. Партизанска “ и ул.”В. Карангелевски”**
- **изградба на деловен објект на ГП “Гранит” П и П+7 (источно од ул.”В. Карангелевски”)**

- **СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА БР.8**

- **изградба на три станбени кули во “Областа” од П+8 и П+9 со продавници во приземјето**
- **изградба на котлара во “Областа”**
- **изградба на станбена зграда на ул.”Партизанска” од П+4+Пк со локали во приземјето**

- **СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА “ДАМЕ ГРУЕВ” НА АГОЛОТ ОД УЛ.”ЖЕЛЕЗНИЧКА” И Р. ДРАГОР КАЈ НОВИОТ МОСТ**

- **изградба на две станбени згради П+4**
- **изградба на две станбени згради П+4 со две ламели**

**А2. ИНДИВИДУАЛНА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА**

- **БРУСНИЧКО-ЛАВЧАНСКИ РЕГИОН 1;2;3;4 ДЕЛ И БУКОВСКИ ЛИВАДИ 1 И 2**

- **изградба на индивидуални станбени згради**

- **СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА ГОРНО ОРИЗАРИ 2 ; СТРЕЖЕВСКА НАСЕЛБА**

- **изградба на индивидуални станбени згради**

- ❖ **СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА УШИЦИ 1 ДЕЛ**
- **изградба на индивидуални станбени згради**
- ❖ **ПАРЦЕЛИЗАЦИЈА ПОСТОЕН ДЕЛ ОД ГРАДОТ**
- **изградба на индивидуални станбени згради**
- **доградби и надградби**
- **реконструкција на станбени згради**

**А3. ИЗГРАДБА НА ИНДИВИДУАЛНИ ДЕЛОВНИ ОБЈЕКТИ**

- ❖ **БРУСНИЧКО-ЛАВЧАНСКИ РЕГИОН 1;2;3 ДЕЛ ; Г.ОРИЗАРИ 2 И ПОСТОЕН ДЕЛ ОД ГРАДОТ**
- **изградба на индивидуални деловни простории од П и П+1**
- ❖ **СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА “СТРЧИН”**
- **изградба на приземни деловни објекти**
- ❖ **СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА ИНДУСТРИСКА ЗОНА (Гоце Радосављевиќ)**
- **изградба на деловни објекти (услужни сервиси) приземни**
- ❖ **ДУП ЗА ДЕЛ ОД РАБ. ЗОНА СЕВЕРНО ОД ПАТОТ БИТОЛА-НОВАЦИ**
- **изградба на деловни објекти (услужни сервиси)**
- ❖ **ИЗГРАДБА НА ДЕЛОВНИ ОБЈЕКТИ ВО ДОВЛЕЏИК НАД БЕНЗИСКАТА ПУМПА (ДЕСНО)**
- **изградба на деловни објекти (приземни)**

**А4. ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ**

- ❖ **ИЗГРАДБА НА БЕНЗИСКИ ПУМПИ**
- на локации одредени со ГУП и ДУП

- **ИЗГРАДБА НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ПО СЕЛСКИ НАСЕЛБИ КАДЕ ИМА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ РЕШЕНИЈА**

- **УРЕДУВАЊЕ НА КОРИТОТО НА Р.ДРАГОР–ТРОТОАРИТЕ И УЛИЦАТА**
- средствата ќе се обезбедат од повеќе извори

- **ДОВРШУВАЊЕ НА УЛИЦА “ЖЕЛЕЗНИЧКА”**
- средствата ќе се обезбедат од повеќе извори

- **ДОВРШУВАЊЕ НА ГРАДСКИ ПАРК**
- средствата ќе се обезбедат од повеќе извори

- **ИЗГРАДБА НА ТОПЛАНА**
- средствата ќе се обезбедат од повеќе извори

- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДСКОТО ШЕТАЛИШТЕ**
- средствата ќе се обезбедат од повеќе извори

**А5. ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ ВО ОПШТИНА БИТОЛА**

## ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО СО КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ

Уредувањето на градежното земјиште ќе се врши во зависност од динамиката на приливот на средствата, во обем и степен предвиден со оваа Програма и тоа со основни и секундарни инфраструктурни објекти.

**1. КОЛЕКТИВНА СТАНБЕНА И ДЕЛОВНА ИЗГРАДБА**

**1.1. СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА БР. 1**

- **ЗА ОБЈЕКТ НАД ПЕДАГОШКА**
- изградба на улична мрежа плато

м² 600 x 1.200,0 = 720.000,00

- изградба на НН ел.мрежа и улично осветление

300.000,00

Вкупно: 1.020.000,00

**1.2. СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА – ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ**

❖ **ЗА СТАНБЕН ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ НА ул. ЕЛПИДА КАРАМАНДИ**

- изградба на НН ел.мрежа и улично осветление 250.000,00

Вкупно: 250.000,00

**1.3. СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА БР. 5 (кај Декорпод)**

- изградба на улици – плато
  м² 1.000,- х 1.200,00 = 1.200.000,00
- изградба на водовод
  м´ 150,- х 4.000,00 = 600.000,00

Вкупно: 1.800.000,00

**1.4. СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА „ДАМЕ ГРУЕВ"**

❖ **ЗА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ВО "ЈЕНИ МААЛЕ"**

- изградба на улична мрежа
  м² 3350.00 х 1.200,00 = 4.020.000,00
- изградба на канализација Ф 300
  м' 318.00 х 4.500,00 = 1.431.000,00
- изградба на водовод Ф 100
  м' 342.00 х 4.000,00 = 1.368.000,00
- изградба на НН ел.мрежа и улично осветление 3.000.000,00

Вкупно: 9.819.000,00

**ИНДИВИДУАЛНА СТАНБЕНА И ДЕЛОВНА ИЗГРАДБА**

**2.1. ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ВО БЛР 1;2;3;4 ДЕЛ**

❖ **ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ**

- изградба на улици
  м² 500,- х 1.200,00 = 600.000,00

- изградба на фекална и атмосферска канализација Ф 300

м’ 100.00 x 4.500,00 = 450.000,00

- изградба на водовод Ф 100

м’ 100,00 x 4.000,00 = 400.000,00

Вкупно: 1.450.000,00

❖ **ИЗГРАДБА НА ОБОДЕН КАНАЛ И ОФОРМУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКО КОРИТО**

Вкупно: 1.000.000,00

**2.2. СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА – ГОРНО ОРИЗАРИ 2 ДЕЛ**

❖ **ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ВО СТРЕЖЕВСКА НАСЕЛБА**

- изградба на улици

м² 500.00 x 1.200,00 = 600.000,00

Вкупно: 600.000,00

**2.3. СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА - УШИЦИ 1 ДЕЛ**

❖ **ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ**

- изградба на улици

м² 2.000,00 x 1.200,00 = 2.400.000,00

- изградба на канализација

м’ 200.00 x 4.500,00 = 900.000,00

- изградба на водовод

м’ 200.00 x 4000,00 = 800.000,00

- изградба на НН електрична мрежа, улично осветление

1.000.000,00

Вкупно: 5.100.000,00

**2.4. ПОСТОЕН ДЕЛ НА ГРАДОТ**

❖ **ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ**

- изградба на канализација

м’ 40.00 x 4.500,00 = 180.000,00

- изградба на водовод Ф 100

м’ 50.00 x 4.000,00 = 200.000,00

- интервенција на НН ел.мрежа на ул.”Борис Кидрич” 250.000,00

Вкупно: 630.000,00

❖ **ЈАВНИ УСТАНОВИ, ДЕЛОВНИ ЗГРАДИ И ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ**

- Изградба на топлификациона мрежа-топловод на ул.,,Бул.1ви Мај,, Битола со траса од Дом за народно здравје-стар Водовод Битола со Л=739,00м во износ: 9.915.060,00 ден.

**2.5. БУКОВСКИ ЛИВАДИ 1;2;3 ДЕЛ**

❖ **ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ**

- изградба на канализација
  м’ 50.00 x 4.500,00 = 225.000,00
- изградба на водовод Ф 100
  м’ 50.00 x 4.000,00 = 200.000,00
- изградба на улици – коловоз
  $м^2$ 200.00 x 1.200,00 = 240.000,00

Вкупно: 665.000,00

**2.6. ИЗГРАДБА НА СТАНБЕНО-ДЕЛОВЕН ПРОСТОР**

❖ **ИЗГРАДБА НА СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА СТРЧИН**

- изградба на улици – коловоз- асфалт
  $м^2$ 3000.00 x 600,00 = 1.800.000,00
- изградба на атмосверска канализација
  м’ 350.00 x 4.500,00 = 1.575.000,00
- изградба на водовод
  м’ 350.00 x 4.000,00 = 1.400.000,00
- изградба на НН електрична мрежа и улично осветление 500.000,00

Вкупно: 5.275.000,00

❖ **ИЗГРАДБА НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР СЕВЕРНО ОД ПАТОТ БИТОЛА - НОВАЦИ**

- изградба на атмосферска и фекална канализација Ф300 и Ф500

  м’ 1200.00 x 4.800,00 = 5.760.000,00
- изградба на улици

  м² 2000.00 x 1.200,00 = 2.400.000,00
- изградба на тротоари

  м² 1800.00 x 800,00 = 1.440.000,00
- изградба на водовод Ф 100

  м’ 100.00 x 4.000,00 = 400.000,00
- изградба на НН електрична мрежа и улично осветление

  6.000.000,00

Вкупно: 16.000.000,00

**2.7. СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА БР.4**

❖ **ИЗГРАДБА НА ТРГОВСКО-ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ-ПАЗАРИШТЕ**

- изградба на улици - плато

  м² 1000.00 x 1.200,00 = 1.200.000,00
- изградба на улично осветление

  300.000,00

Вкупно 1.500.000,00

**2.8. ЗА ОБЈЕКТИ ОПФАТЕНИ СО ГУП**

- изградба на улици - плато

  м² 2000.00 x 1.200,00 = 2.400.000,00
- изградба на канализација Ф 300 , Ф400

  м’ 200.00 x 4.500,00 = 900.000,00
- изградба на водовод Ф100

  м’ 300.00 x 4.000,00 = 1.200.000,00
- изградба на НН електрична мрежа и улично осветление

  500.000,00

Вкупно: 5.000.000,00

**2.9 ЗА ОБЈЕКТИ ОПФАТЕНИ СО УП ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО-РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

- изградба на улици - плато
  м² 2000.00 x 1.200,00 = 2.400.000,00
- изградба на канализација
  м’ 1000.00 x 4.500,00 = 4.500.000,00
- изградба на водовод
  м’ 1000.00 x 4.000,00 = 4.000.000,00
- изградба на НН електрична мрежа и улично осветление
  500.000,00

Вкупно: 11.400.000,00

Кога би се реализаирала Програмата во целост во 2007 г. би се извела следната инфраструктура:

| Ред.бр | Степен на опременост-изведба | | Количина | Вкупно (денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Улици-коловози | м² | 17.950,00 | 19.740.000,00 |
| 2 | Фекал. и атмосферска канализација | м´ | 4.458,00 | 21.421.000,00 |
| 3 | Водоводна инсталација | м´ | 3.942,00 | 15.768.000,00 |
| 4 | Електрична НН мрежаи улично осветлување | м´ | | 12.300.000,00 |
| 5 | Топловод | м´ | 739,00 | 9.915.060,00 |
| | | | **ВКУПНО:** | **79.144.060,00** |

# ПРЕСМЕТКА НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И СТЕПЕНОТ НА УРЕДЕНОСТ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Пресметката на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште и степенот на уреденост на градежното земјиште се утврдува согласно ***Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на градежното земјиште.***

Обемот и степенот на уредување и опремување на градежното земјиште со примарни и секундарни инфраструктурни објекти преставува:

1. Опремување на земјиштето со основни инфраструктурни објекти во кои спаѓаат:

- непречен пристап до парцела од јавен пат
- магистрални и примарни водови за довод на вода
- колектори на одвод на фекална и атмосферска вода и пречистителни станици
- основна нисконапонска мрежа
- јавно осветлување

Наведените работи учествуваат со **15 %** од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

2. Опремување на земјиштето со секундарни инфраструктурни објекти во кои спаѓаат:

- Експропријација 7 %
- Припрема и расчистување на градежното земјиште 6 %
- Изработка на долен строј на улица 14 %
- Изработка на горен строј 17 %
- Изградба на фекална канализација 13 %
- Изградба на атмосферска канализација 8 %
- Изградба на водоводна мрежа 11 %
- Поставување на нисконапонска мрежа 6 %
- Поставување на топлификациона мрежа 3 %

Наведените работи преставуваат **85 %** од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

Упросечениот надоместок за уредување на градежното земјиште по 1 м² изградена корисна површина со почетен (базен) износ за месец Јануари 2007 год. се утврдува како следува:

**1. ГРАДСКИ РЕОН**

Колективна и индивидуална станбена изградба

- I ва зона …………2 125,00 ден.
- II ра зона …..…….1 913,00 ден.
- III та зона ………1 700,00 ден.

Деловен простор

- Екстра зона …..3.900,00 ден.
- I ва зона …………3.500,00 ден.
- II ра зона …..…….3.150,00 ден.
- III та зона ………2.835,00 ден.

На корисник на градежно земјиште кој со решение од надлежен орган има градежно неуредено земјиште за изградба на стопански објекти (производни хали и магацини), има право уредувањето да го изврши во согласност со Правилник за начинот и постапката за уредување на градежно земјиште во Општина Битола во случаеви на самоуредување од страна на инвеститорите и Елаборат за економската оправданост за самоуредувањето („Сл. Гласник на Општина Битола„ бр.02/06).

Трошоците на работата на комисијата ги сноси корисникот на градежното земјиште.

Надзор и давањето на потврда за степенот на опремувањето и обемот на уредувањето го врши Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола согласно чл.22 точка 12 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и Законот за градење (Сл. Весник на РМ бр.51/05).

## 2. ПРИГРАДСКИ РЕОН

За руралните средини кои влегуваат во состав на Општина Битола (според Законот за децентрализација) важат истите предвидени услови со оваа Програма за уредување на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште во приградскиот реон се утврдува согласно Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола ( Сл. Гласник бр.16/06).

Во приградски реон влегуваат сите урбани заедници и населени места (селски населби) на подрачјето на Општина Битола за кои постои урбанистичка документација (општ акт или Урбанистички план за населено и вон населено место или Детален урбанистички план).

Висината на надоместокот за уредување и опремување на градежното земјиште согласно моменталната состојба на степенот на уреденост на градежното земјиште во селските населби по 1м² изградена корисна површина, а како почетен износ за месец Јануари 2007 година е следен:

- Висината на трошоците за изградба на локална патна мрежа и улично осветлување изнесуваат 15 % од :

| Станбена изградба | Деловен простор |
|---|---|
| 3-та зона -1.700,00 денари | 3-та зона – 2.835,00 денари |

- Висината на трошоците за изградба на локална патна мрежа, улично осветлување и водоводна мрежа која е одржувана од ЈП ,,Водовод ,, Битола изнесуваат 17 % од :

| Станбена изградба | Деловен простор |
|---|---|
| 3-та зона -1.700,00 денари | 3-та зона – 2.835,00 денари |

- Висината на трошоците за изградба на локална патна мрежа, улично осветлување, водоводна мрежа која е одржувана од ЈП ,,Водовод“ Битола и канализациона мрежа која е одржувана од КЈП ,,Нискоградба“ Битола изнесуваат 19 % од :

| Станбена изградба | Деловен простор |
|---|---|
| 3-та зона -1.700,00 денари | 3-та зона – 2.835,00 денари |

## НАЧИН НА ЗДРУЖУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Здружувањето на средствата за уредување на градежното земјиште за реализација на оваа Програма се врши согласно чл.6 од Одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола ( „Сл. гласник на Општина Битола„ бр.03/94), согласно чл.1 од Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола ( „Сл. Гласник на Општина Битола„ бр.16/06) и *Правилникот за определување на обемот на уредувањето степенот на опремувањето на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации,надоместок и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на градежното земјиште.*

## ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Уредувањето на градежното земјиште претставува континуиран процес кој се одвива во повеќе години и создава процеси и можности за иден развој на градот, поради што повеќефазно со годишните програми се разрешуваат одредени потреби од уредувањето на градежното земјиште.

Во смисла на горното, а од причини што финансирањето се врши од познати и непознати инвеститори, динамиката на извршувањето на работите во уредувањето на градежното земјиште ќе зависи од:

- динамика на приливот на средства преку надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- до следната примена на роковите предвидени во Законот за општа управна постапка и останатите законски прописи што учествуваат во регулирањето на оваа област;
- благовремено распишување на конкурси за доделување на земјиштето;
- благовремената реализација на елаборатите за експропријација;
- навремено изготвување на урбанистичко-техничка документација;

За успешно реализирање на Програмата треба сите учесници, Општина Битола заедно со Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште, Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина на Советот на Општина Битола, Комисијата за комунални дејности на Советот на Општина Битола, Органот за имотно правни работи во Министерството за финансии, Јавните комунални претпријатија, и Инвеститорите треба да го дадат максималниот придонес во рамките на своите надлежности и права.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен Гласник,, на Општина Битола.

Бр. 07-472/7
09.03.2007 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Програмата за одбележување на позначајни
историски и културни настани за 2007 година
во Општината Битола

1. Ја објавувам Програмата за одбележување на позначајни историски и културни настани за 2007 година во Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 09.03.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-616/6
13.03.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 09.03.2007 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

**за одбележување на позначајни историски и културни настани за 2007 година во Општина Билола**

## 1.Јубилеи:

- 125 години од раѓањето и 55 години од смртта на Павел Шатев 30 јануари 1952 година -
- 100 години од “ Битката на Ножот” - 14 јули 1907 година
- 95 години од смрта на Пере Тошев - 4 мај 1912 година
- 95 години од објавувањето “кратка историја на битолскиот вилает” од Мехмед Тефик ( Општина Битола во соработка со Турскиот конзулат и МНУ Битола)
- 90 години од раѓањето на ликовниот уметник Боро Траикоски( Општина Битола во соработка со “Галеријата музеј на град Битола” - 1917 година
- 65 години “Борбена Битола”( Општина Битола во соработка со Сојузот на Боррци од Битола)- 1942 година
    1. херојската смрт на Ордан Чопела, Вангел Мајоро, Стив Наумов и Мите Богоевски.
    2. Формирањето на битолските партизански одреди” Пелистер”, “Даме Груев”, “Јане Сандански.
- 45 години од смрта на Ѓорѓи Поп Христов ( Доплнување на пето годишната програма со поставување на спомен плоча во с. Крстоор). - 1962 година
- 40 години Графичко трианале во Битола( Општина Битола во соработка со фестивалот и “Галеријата и Музеј на град Битола” - 27 Мај 1967 година
- 30 години Технички факултет Битола( Општина Битола во соработка со Техничкиот факултет - 1977
- 25 години ХМС “Стрежево”( Општина Битола во соработка со наведеното претприатие - 1982 година
- 60 години Илинденски денови – 11.10.1947 г.

## 2.Одбележување чествување на ликот делото на Битолските светци заштитници на градот Битола

- Свети великомаченик Агатангел Битолски
- Св Нектариј Битолски 18 декември

## 3.Тековни календарски одбележувања во 2007 година:

Јануари

- 30 јануари смртта на Павел Шатев – положување на венец или цвеќе на гробот

Февруари

- 4 февруари роденден на Гоце Делчев ( положување на цвеќе на спомен плочата)
- Февруарски поход ( испраќање на писмо до училиштата во Општината за подготвување на тематско предавање од страна на наставниците по историја)

Март

- 8 март денот на жената
- 11 март депортирањето на Битолските евреи 1943г ( посета на споменикот и положување цвеќе во соработка со сојузот на борци и друштвото за македонско – еврејско приателство)

Април

- 6 април смрта на Ѓорѓи Сугарев и неговата чета (поожување на цвеќе на неговиот гроб)
- 22 април 1942 г. формирање на Битолскиот партизански одред “Пелистер”(Оштина Битола во соработка со Сојузот на борците)

Мај

- 1 Мај – денот на работникот ( испраќање на писмо до училиштата за изработка на типско предавање)
- 4 мај 1912 смрта на Пере Тошев
- 5 Мај формирање на Окружниот комитет на МРО 1894 година
- 7 мај Денот на Македонската Полиција ( Општината Битола во соработка со МВР)
- 8 мај денот на Димитар Илиевски Мурато ( Општината во соработка со планинарските друштва од градот
- 9 Мај ден на победата врз фашизмот 1945г( Општина Битола во соработка со Сојузот на борци)
- 9 Мај ден на Европската унија
- 20 Мај 1836 година формирање на Противпожарната служба во Битола ( Општина Битола во соработка со противпожарната единица)
- 20 Мај формирање на Народно слободителниот партизански одред Гоце Делчев( Општина Битола во соработка со Сојузот на борци)
- 24 Мај Денот на сесловенските просветители Св Кирил Иметоди (Општина Битола)

Јуни

- 8 Јуни 1944 формирање на Првата Македонска Народно ослободителна Ударна Бригада ( Сојузот на борци и општината Битола)

Јули

- 6 Јули формирање на Битолско-Преспанскиот Партизански одред Дамјан Груев (општина Битола сојузот на борци)
- 14 Јули 100 години од битката на ножот (организирање на посета и положување на венец)
- 23 Јули смрта на Мирка Гинова ( положување на цвеќе на спомен плочата)

Август

- 2 Август Илинденско востание, Прво заседание на АСНОМ И создавање на Македонската држава
- 18 Август денот на АРМ (Општина Битола во соработка со АРМ)
- 22 Август 1944 формирање на Седмата Македонска(Битолска) Народно ослободителна ударна бригаде (Општина Битола во соработка со сојузот на борци)
- 29 Август смртта на Александар Турунџев (положување на цвеќе на спомен бистата)

Септември

- 6 Септември бегството на политичките затвореници од обласниот полициски затвор во Битола (Општина Битола и сојузот на борци)
- 8 Септември денот на осамостојување на република Македонија
- 8 Септември формирање на Народно Ослободителниот Партизански Одред Јане Сандански 1942 (општина Битола и сојузот на борци)
- 12 септември 65 години од смрта на Стив Наумов (Општина Битола , сојузот на борци, Културно Уметничкото Друштво и Основното Училиште)

Октомври

- 6 Октомври формирање на 49 Битолска дивизија 1944 (Општина Битола и сојузот на борци)
- 11 Октомври Почеток на Антифашистичкото Востание во Македонија 1941 ( подготовка на типско предавање по училиштата )

Ноември

- 4 Ноември 1944 година Ослободување на градот Битола ( Општина Битола во соработка со борците)
- 18 Ноември 1944 години формирање на Првата Македонска – Егејска Народноослободителна ударна Бригада (Општина Битола во соработка со сојузот на борци)

Декември

- 8 Декември Св Климент Охридски (Општината во соработка со Универзитетот )
- 23 Декември смртта на Даме Груев 1906г (положување на цвеќе)

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-472/8<br>09.03.2007 г.<br>Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општината Битола<br>Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за утврдување Нацрт-Планот на ДУП за „Централно градско подрачје 1 дел Урбан Блок 1“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување Нацрт-Планот на ДУП за „Централно градско подрачје 1 дел Урбан Блок 1“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 09.03.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-616/7
13.03.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за урбанистичко и просторно планирање („Сл. весник на РМ” бр. 51/05), член 11 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 78/06) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 09.03.2007 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување Нацрт-Планот на ДУП за „Централно градско подрачје 1 дел – Урбан Блок 1” Битола

### Член 1

СЕ УТВРДУВА Нацрт-Планот на ДУП за „Централно градско подрачје 1 дел – Урбан Блок 1” Битола.

### Член 2

По Нацрт-Планот ќе се организира јавна презентација и јавна анкета.

### Член 3

Со влегувањето во сила на оваа Одлука терминот „УрбанМодул 1” од „Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Централно градско подрачје 1 дел Урбан Модул 1” Битола бр. 07-104/7 од 18.02.2005 г. се заменува со терминот „Урбан Блок 1”.

### Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-472/9
09.03.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за изработка
и донесување на ГУП за „Сообраќајно решение - ДЕТАЛ-5“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за изработка и донесување на ГУП за „Сообраќајно решение - ДЕТАЛ-5“, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 09.03.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-616/8
13.03.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 10 и 26 став 5 алинеја 2 и член 17 став 6 од Законот за урбанистичко и просторно планирање („Сл. весник на РМ” бр. 51/05) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 09.03.2007 година, донесе

# О Д Л У К А
## за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ГУП за „Сообраќајно Решение – ДЕТАЛ 5” - Битола

### Член 1

СЕ отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ГУП за „Сообраќајно Решение – ДЕТАЛ 5” – Битола.

Границите на Детал 5 се на север делот од ул. „Прилепска” до крстосницата со ул. „Илинденска” на исток делот од ул. „Новачки Пат” до преминот преку железничката пруга, на југ делот од ул. „Прилепска” и ул. „Железничка” заклучно со деловите каде завршуваат радиусите на крстосницата, на запад дел од ул. „Иван Милутиновиќ” до делот каде завршува радиусот на крстосницата.

Опфатот на вака предложената Детал има површина од 2 ха.

### Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ГУП за „Сообраќајно решение-ДЕТАЛ 5” – Битола, ќе го врши Општина Битола.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-472/10
09.03.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за определување на населени места на подрачјето на Општината Битола кои се ослободени од плаќање на комунална такса

1. Ја објавувам Одлуката за определување на населени места на подрачјето на Општината Битола кои се ослободени од плаќање на комунална такса, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 09.03.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-616/9
13.03.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 05/02) член 6 став 1 точка 5 и 6 од Законот за комуналните такси („Сл. Весник на РМ” бр. 61/05)и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 09.03.2007 година, донесе

# О Д Л У К А
## за определување на населени места на подрачјето на Општината Битола кои се ослободени од плаќање на комунална такса

### Член 1

Со оваа Одлука се определуваат пасивните населени места со изразена миграција во подрачјето на Општината Битола во кои обврзниците се ослободуваат од плаќање на комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија.

### Член 2

Како пасивни населени места со изразена миграција од член 1 од оваа Одлука се сметаат:

1. Братин Дол
2. Брусник
3. Барешани
4. Велушина
5. Габалавци
6. Гопеш
7. Граешница
8. Драгош
9. Доленци
10. Древеник
11. Ѓавато
12. Злокуќани
13. Жабјани
14. Канино
15. Крстоар
16. Кишава
17. Кременица
18. Лавци
19. Лера
20. Лажец
21. Магарево
22. Маловиште
23. Метимир
24. Меџитлија
25. Ниже Поле
26. Олевени
27. Орехово
28. Острец
29. Облаково
30. Рамна
31. Ротино
32. Снегово
33. Српци
34. Трново
35. Цапари

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-472/11
09.03.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за овластување на директорот на
ЈП „Комуналец“ Битола за склучување
поединечен колективен договор

1. Ја објавувам Одлуката за овластување на директорот на ЈП „Комуналец“ Битола за склучување поединечен колективен договор, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 09.03.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-616/10
13.03.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 220 од Законот за работните односи („Сл. Весник на РМ” бр. 62/05, 03/06 и 44/06), член 36 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ” бр. 05/02), а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 09.03.2007 година, донесе

## О Д Л У К А

За овластување на директорот на ЈП „Комуналец” Битола
за склучување поединечен Колективен договор

### Член 1

Се овластува директорот на ЈП „Комуналец” Битола да го склучи поединечниот Колективен договор на ЈП „Комуналец” Битола заедно со репрезентативниот синдикат во ЈП „Комуналец” Битола.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-472/12
09.03.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за овластување на директорот на
КЈП „Водовод“ Битола за склучување
поединечен колективен договор

1. Ја објавувам Одлуката за овластување на директорот на КЈП „Водовод“ Битола за склучување поединечен колективен договор, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 09.03.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-616/11<br>13.03.2007 год.<br>Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општината Битола,<br>Владимир Талески

Врз основа на член 220 од Законот за работните односи („Сл. Весник на РМ” бр. 62/05, 03/06 и 44/06), член 36 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ” бр. 05/02), а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 09.03.2007 година, донесе

# О Д Л У К А

## За овластување на директорот на ЈКП „Водовод” Битола за склучување поединечен Колективен договор

### Член 1

Се овластува директорот на ЈКП „Водовод” Битола да го склучи поединечниот Колективен договор на ЈКП „Водовод” Битола заедно со репрезентативниот синдикат во ЈКП „Водовод” Битола.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-472/13
09.03.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за давање согласност на
Статутот на ЈКП „Водовод“ Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Статутот на ЈКП „Водовод“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 09.03.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-616/12
27.02.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл. Весник на РМ” бр. 38/96, 06/02, 40/03 и 49/06) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 09.03.2007 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за давање согласност на Статутот на
Јавното комунално претпријатие „Водовод” Битола

Член 1

Се дава согласност на Статутот на Јавното комунално претпријатие „Водовод” Битола бр. 02-58/5 од 31.01.2007 година донесен на седницата на Управниот одбор на Јавното претпријатие одржана на 31.01.2007 година.

Член 2

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-472/14
09.03.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за именување членови во Органот за надзор во ЈОУ за деца Детска градинка „Мајски Цвет“ Битола

1. Го објавувам Решението за именување членови во Органот за надзор во ЈОУ за деца Детска градинка „Мајски Цвет“Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 09.03.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-616/13<br>13.03.2007 год.<br>Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општината Битола,<br>Владимир Талески

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за установите („Сл. Весник на РМ” бр. 32/05) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола” бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 09.03. 2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување членови во Органот за надзор во
Јавната општинска установа за деца Детска градинка
„Мајски Цвет” Битола

1. Во Органот за надзор во Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Мајски Цвет” Битола се именуваат:

- Вида Стојанова, ВСС правник, ул. „Цар Самоил” бр. 133 Битола
- Марика Кожовска, ВСС хемиски инж., ул. “Пелистер” бр. 47 Битола
- Билјана Ташевска, ВСС, проф. по англиски, ул. „Довлеџик” бр. 166, Битола.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 07-472/15
09.03.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

ОПШТИНА БИТОЛА
Бр.07- 472/16
13.03.2007 г.
Б и т о л а

ДО

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
на Општината Битола,
Г-дин Владимир Талески

Б И Т О Л А

ПРЕДМЕТ: Доставување акти од 33-та седница на Советот на Општината Битола, одржана на 09.03.2007 г.

Почитуван господине Градоначалник,

Согласно член 48 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.05/02), а во врска со член 54 став, 1 алинеја 3 од Статутот на Општината Битола (,,Службен гласник на Општината Битола,, бр.10/05), Ви ги доставувам актите од седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 09.03.2007 година, на Ваша надлежност поради објавување во ,,Службен гласник на Општината Битола“.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска